Михајло МИНОСКИ

# ВРСКИТЕ СО ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ ЗА НИВНО ПРИДОБИВАЊЕ ЗА ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ПЛАНОВИ И ПОТФАТИ ВО МАКЕДОНИЈА, XVI-XVIII ВЕК

Во последните децении на XVI век сè посилно се манифестирале симптомите на слабеењето на силната Отоманска Империја. Империјата ги доживеала и првите тешки порази во војните со европските држави. Освојувањата на Отоманската Империја во Европа биле запрени. Оттогаш биле преземани само повремени офанзивни акции коишто битно не го менувале соодносот на силите. Исламската империја била доведена во положба постојано да води дефанзивни војни.

Европските држави гледале на Балканот како на регион за територијално ширење, со потиснување на Отоманската Империја. Во Западна Европа се појавиле бројни планови за противосманлиско сојузување на христијански држави.[1] За создавањето таков сојуз посебно се застапувале и активно дејствувале римските[2] папи.[3] Карактеристично е тоа што сите тие планови се засновувале врз апсолутната бројна надмоќност на христијанските народи и нивните ресурси, особено кога и самите балкански христијански народи, во тоа време, преку свои претставници, се активирале за да придобијат некоја или неколку од заинтересираните европски држави за своите ослободителни планови.

Кон крајот на XVI и во почетокот на XVII век, со зголемувањето на кризата во Отоманската Империја и по неуспесите во војните со европските држави, биле зголемени притисокот и експлоатацијата на поробените христијани на Балканот. Тоа најсилно се манифестирало во Македонија како средишна провинција на европските владенија на Отоманската Империја. И Охридската архиепископија се нашла во тешка материјална положба. Осиромашеното и систематски ограбувано паство не можело да ги подмирува сè поголемите задолженија што сис-

---

[1] T. Djuvara, Cent projets de partage de la Tuquie (1281-1913), Paris, 1914; Михајло Миноски, Ослободителни движења и востанија во Македонија (1564-1615), Скопје, 1972, 96-138.

[2] Јован Радоњић, Римска курија и јужнословенске земље од XVI-XIX века, Београд, 1950.

[3] Посебно папите Гргур XIII (1572-1585) и, особено, папата Клемент VIII (1592-1605).

тематски ѝ биле наметнувани од властите на Отоманската Империја. Во таква ситуација, охридските архиепископи спасот го гледале во ослободување од исламската Отоманска Империја.

Во идентична положба се наоѓала и српската Пеќска патријаршија и нејзиното паство. Од истите причини и тогашниот српски патријарх Јован, како и охридските архиепископи, кроел планови за преземање ослободителни акции.[4] Така, на Балканот истовремено активно дејствувале два центра: Охрид, седиштето на македонската Охридска архиепископија[5] и Пеќ – седиштето на српската Пеќска патријаршија,[6] чијашто активност била насочена за придобивање на европските држави за ослободување на христијаните од ропството на исламската Отоманска Империја. На тоа биле поттикнати од успесите на европските држави во војните и од ангажираноста на римските папи за создавање христијански сојуз за заедничка борба на европските држави за протерување на муслиманите од Европа.[7] Во војните со Отоманската Империја тие и самите сметале на оружени востанија на поробените христијански народи.

За реализирање на подготвуваното ослободително дело, охридските архиепископи работеле во два правца: на подготвување на паството – народот за оружена борба и на воспоставување политички врски за добивање помош и поддршка од европските држави. Од Охрид започнала интензивна политичка активност за воспоставување непосредни врски со Рим и со тогашните големи европски држави: Хабзбуршката Монархија и Шпанија. Во последните две децении на XVI и во почетокот на XVII век охридските архиепископи презеле редица патувања во Европа со политички цели заради добивање помош од заинтересираните европски владетели за ослободување од власта на Отоманската Империја. Информациите што биле добивани од Европа за постоењето планови на европските владетели за поделба на Отоманската Империја и агити-

[4] Јован Томић, Пећски патријарх Јован и покрет хришћана на Балканском Полуострву, 1592-1614, Земун 1903.

[5] Михајло Миноски, Ослободителни движења..., 138-176.

[6] Ј. Томић, Пећски Патријарх Јован...; Грађа за историју покрета на Балкану крајем XVI и почетком XVII века, Београд, 1933

[7] На создавањето антиосманлиски христијански сојуз најактивено работел папата Клемент VIII (1592-1605, Karlo Horvat, Vojne ekspedicije Klementa VIII u Hrvatsku i Ugarsku, Zagreb, 1910.

рањето на папите за создавање христијански сојуз, давале надеж за успех на преземаните политички акции.

Прв од охридските архиепископи кој патувал во Европа со политичка цел бил архиепископот Гаврил кој во 1586 година, со голема придружба[8] отпатувал во Русија и бил примен од рускиот цар Теодор. Не е познато дали ги претставил своите политички планови и каков бил ставот на рускиот император. Познато е дека барал и добил помош за осиромашената и задолжена Охридска архиепископија.[9] Од Русија отпатувал во Полска каде што пристигнал истата година (1586) и бил примен од полскиот крал Стефан Батори. Архиепископот Гаврил го запознал полскиот крал со тешката положба на христијаните и на неговата архиепископија, „нагрбени со тешки даноци наметнати од Турчинот.“[10] Во Полска, каде што бил добро примен, архиепископот со својата придружба се задржал долго, до средината на 1587 година. На негово барање, архиепископот Гаврил од полскиот крал добил посебно писмо со препорака за папата Сикст V (1585-1590).[11] На пат за Рим архиепископот планирал да отпатува во Австрија за да се сретне со хабсбуршкиот император Рудолф II. Од Полска архиепископот Гаврил испратил во Прага, на дворецот на императоротот, двајца свои свештеници да го пренесат неговото барање да биде примен.[12] Тие во Прага пристигнале во август 1587 година.[13] Во почетокот на октомври 1587 година архиепископот Гаврил, со својата придружба, допатувал во Австрија и побарал да биде примен од надвојводата Фердинанд. Тоа се потврдува од едно негово писмо, од 8 октомври 1587 година, до надвојводата Фердинанд, што го напишал по пристигнувањето во австрискиот град Инзбрук.[14] Тој автен-

---

[8] Двајца митрополити, архимандрити, архиѓакони и 13 слуги.

[9] Иван Снегаровъ, Културни и политически връзки между България и руския народ пред XVI-XVIII в., София, 1953, 44.

[10] Михајло Миноски, Врските на архиепископот Гаврил со Австрија, Гласник на ИНИ, Скопје, 1973/XVII, 3, 142.

[11] Писмо од полскиот крал Стефан Батори до папата Сикст V, 24 јуни 1586 (М. Миноски, Ослободителни движења.., 183-184; И. Снегаровъ, История на Охридската архиепископия.., 569.

[12] Михајло Миноски, Политичките врски на Македонија со Чешка во последните две децениии на XVI век, зб. Стопанските, социјалните и етничките промени на територијата на Југославија и Чехословачка од XVI до средината на XVIII век, 45.

[13] На истото место.

[14] М. Миноски, Врските на охридскиот архиепископ Гаврил со Австрија.., 143.

тичен документ[15] е релевантна потврда за политичкиот карактер на патувањето на архирпископот. Главната цел на преземеното долго патување на охридскиот архиепископ Гаврил била да ги запознае европските владетели со тешката положба на христијаните, народот и свештенството, подложени на жестока експлоатација и прогони, од „тиранинот жеден за (христијанска) крв",[16] да ги заинтересира да се ангажираат за христијанското дело. Во истото писмо се потврдува дека архиепископот имал такви обраќања до самиот император Рудолф II[17] и до други европски владетели. Во Австрија архиепископот Гаврил останал до средината на 1588 година, каде што барал помош и поддршка од влијателните личности во Австрија и во Чешка.

Во Чешка, при престојот во Прага, архиепископот Гаврил повел широка акција за поддршка и помош, при што воспоставил врска со влијателниот гроф Адам Салвата. Грофот покажал посебна заинтересираност и солидарност. Најнепосредно се застапил за охридскиот архиепископ. Својата поддршка ја покажал и со дадената материјална помош. Тоа се потврдува од едно писмо[18] на Гаврил до грофот Салвата, со коешто архиепископот охридски се заблагодарува за неговата помош и поддршка.[19] На крајот од својот престој во Австрија архиепископот Гаврил побарал од надвојводата Фердинанд да отпатува во Германија за да бара материјална помош за својата осиромашена црква, и препорака за папата, со намера од Германија да отпатува во Рим за да се сретне со Сикст V.

Летото 1588 година, на 31 август, архиепископот Гаврил со придружбата пристигнал во германскиот град Тјубинген.[20] Од Германија архиепископот Гаврил, придружуван од пелагонискиот митрополит Еремија, архимандритот на Охрид Антим, архиѓаконот Јоасаф од Бер и

---

[15] Tiroler Landesregierungsarchiv, Insbruck, VI, 50. Писмото е напишано на готица, потпишано од архиепископот Гаврил кој се титулира: „со Божја милост архиепископ и патријарх на патријаршијата потврдена од императорот Јустинијан." (М. Миноски, Политичките врски на охридскиот архиепископ Гаврил.., 143-146).

[16] На истото место, 146.

[17] На истото место, 147.

[18] List arcibiskupa Gabriela Adamu Salvatori, Mestsky Jindrichova Hradce, според Честимир Аморт, Прогресивните традиции на чешко-българската дружба. – Исторически преглед, София, 1959/ XV, 3, 78.

[19] На истото место; М. Миноски, Политичките врски на Македонија со Чешка.., 47.

[20] На истото место.

други лица, заминал во Рим за да се сретне со папата Сикст V. Негова основна цел била папата да го запознае со тешката положба на христијаните под власта на исламската империја.[21] Потврда за тоа е бараната препорака „за неговата папска светост.“[22] Меѓутоа, папата Сикст V, за разлика од претходниот папа Гргур XIII, им се посветил на внатрешните прашања на католичката црква и на уредувањето на папската држава. Не пројавил особен интерес за плановите за создавање противосманлиски сојуз, а според тоа ни за мисијата на архиепископот Гаврил.

Од европските држави само Австрија и Полска покажале интерес за плановите на охридскиот архиепископ. Но, не и подготвеност воено да се ангажираат за ослободување на македонскиот народ и на другите христијански народи на Балканот под власта на Отоманската Империја. И финансиската помош била далеку од очекувањата на архиепископот Гаврил.

Шпанија, една од тогашните главни опонентски сили на Отоманската Империја, останала воздржана. Венеција, исто така значајна поморска сила, отворено зазела непријателски однос спрема охридскиот архиепископ.

Политиката на одржување непосредни врски со европските држави ја продолжи архиепископот Нектариј. Тој во 1598 година отпатувал во Молдавското Кнежевство каде што се задржал една година. Оттаму отпатувал во Полска. На самиот почеток на наредниот век престојувал во Анверс, од каде што отпатувал во Русија. Таму учествувал во крунисувањето на царот Михаил Романович.[23]

Многу поголема активност пројавил и најупорно работел на добивањето поддршка и помош од европските владетели, за делото на ослободувањето на македонскиот народ и на другите христијански народи на Балканот од власта на Отоманската Империја, охридскиот архие-

---

[21] За политичкиот карактер на патувањето на архиепископот Гаврил во Европа пишуваше Иван Снегаров: „Архиепископот Гаврил дејствуваше за ослободување од Турците со помош од католичките држави.“ (Ив. Снегаровъ, История на Охридската архиепископия.., 96). И Честимир Амот од Чешка пишува дека целта на охридскиот архиепископ била „да бара помош од чешката држава против Турците поробувачи.“ (Ч. Амот, Прогресивните традиции.., 78).

[22] На истото место.

[23] Иван Снегаровъ, История на Охридската архиепископия-патриаршия оть падението и подь Турците до нейното уничтожение (1394-1767), София, 1932, 96, б-л. 5.

пископ Атанасиј[24] Риза, односно, Атанасиј I.[25] Со внимание ги следел активностите на европските владетели и нивните планови за истиснување на Отоманската Империја од Балканот и за поделба на нејзините територии, посебно на поблиските европски држави што биле директно заинтересирани за состојбите на Балканот: Венецијанската Република, Шпанија, која владеела и со јужниот дел на Апенинскиот Полуостров,[26] и Хабсбуршката Монархија. Последнава токму во тоа време била во војна со Отоманската Империја.[27]

Охридскиот архиепископ Атанасиј ценел дека е погоден моментот за преземање акција за придобивање на европските држави за реализирање на сопствениот план за ослободување на христијаните на Балканот од власта на исламската империја. Затоа тој се обидел да ја придобие прво Венеција, чиишто владенија биле во непосредно соседство со териториите под јурисдикција на Архиепископијата.[28] На средбата со венецијанскиот управител на островот Крф, кон крајот на јануари 1596 година, Атанасиј го изложил својот план за ослободување на Македонија и Албанија со помош на Венеција.[29] Притоа посебно го нагласувал стратегискиот интерес на Венеција од проширување на нејзините владенија во Албанија. И покрај сите настојувања на охридскиот архиепископ, Венеција не покажала интерес за учество во противосманлиските планови. Венеција не била доволно моќна самостојно да преземе и успешно да изведе воена акција од такви размери.

Во пролетта 1596 година Атанасиј отпатувал во Неапол, на средба со шпанскиот вице-крал, со цел за својот план да ја заинтересира

---

[24] Кога Атанасиј дошол на архиепископскиот престол на Охридската архиепископија не е познато... Има индиции дека на архиепископскиот престол дошол по 1588 година. Но, за тоа нема потврда од релевантни документи. Хронологијата на архиепископите е несигурна. Неоспорно е тоа дека Атанасиј бил охридски архиепископ на почетокот од 1596 година.

[25] М. Миноски, Ослободителни движења..., 139-166; Н. Милевъ, Охридския архиепископ Атанасий и скитанията му в чужбина (1597-1615)-Известия на историческото дружество въ София, V 1922.

[26] Неаполското вице-кралство.

[27] Војната од 1593 до 1606 година.

[28] Под нејзина јурисдикција биле северниот дел од Епир и средишниот и јужниот дел од Албанија, во тоа време со предоминантно православно словенско население. (Види: Селищев, Славянское население в Албании, София, 1931.)

[29] Јован Томић, Грађа за историју покрета на Балкану.., 20-23.

далеку помоќната Шпанија.[30] Известно е дека во тоа немал успех. По враќањето од Неапол, се зафатил со подготовки за кревање на востание, што требало да започне во приморскиот дел на Епир,[31] со надеж дека тоа ќе повлијае за придобивање на Шпанија, по што, со помош од Шпанија, се планирало востанието да се прошири и во Македонија. Востаничката акција од летото 1596 година, што требало да биде силен адут за придобивање на Шпанија за воено ангажирање, не успеала. Но, и покрај тоа, архиепископот не се откажал од планот за придобивање на Шпанија за проектираната акција за ослободување од Отоманската Империја.

Во декември 1596 година архиепископот Атанасиј I испратил делегација во Неапол, предводена од неговиот внук Франческо Риза, да бара помош за подготвуваното востание,[32] во време кога таму биле добиени неповолни информации за подготвеноста на населението за востание. Претставниците на охридскиот архиепископ биле вратени во почетокот на 1597 година, без никаква помошт.[33]

Летото1597 година архиепископот Атанасиј I се обратил со писмо до вице-кралот во Неапол и побарал да му се одобри да допатува во Неапол (на тоа се решил бидејќи властите на Отоманската Империја разбрале за неговата бунтовна дејност) за да ги изнесе поединостите на својот план за востание.[34] По добиениот негативен одговор, охридскиот архиепископ во есента на 1897 година лично отпатувал преку Анкона за Рим, со намера да влијае за добивање поддршка и помош од римскиот папа Клемент VIII. Меѓутоа, поддршката била условена со прифаќање унија. Од архиепископот Атанасиј било побарано да потпише специјална декларација[35] за унија на Охридската архиепископија со римокатоличката црква. На доаѓањето на охридскиот архиепископ и на барањето поддршка и помош во Рим се сметало како на ретко поволна шанса

---

[30] На истото место, 29-30.

[31] Во приморската област Химара (наспроти островот Крф), под јурисдикција на Охридската архиепископија.

[32] Од Шпанија архиепископот барал и очекувал, материјална помош, оружје и 3-4 000 шпански војници.

[33] Ј. Томић, Грађа.., 246-247, 259.

[34] На истото место, 271.

[35] Одговорот на охридскиот архиепископ бил дека Папата, како претставник на христијанството, е повикан и должен да го помогне неговото свето дело без условување.

православната Охридска архиепископија да се врзе за Ватикан и со тоа да се отвори пат за натамошно ширење на католицизмот кај православните народи на Балканот. Меѓутоа, архиепископот Атанасиј, кој сметал за своја света должност да ја чува и да ја зачува автокефалноста на Охридската архиепископија, одбил да ја потпише таквата декларација.

По одбивањето да прифати унија, охридскиот архипископ веќе не можел да смета на поддршка од папата, па натамошното задржување во Рим било беспредметно. Во почетокот на 1598 година заминал од Рим и се упатил во Неапол, да бара препорака од вице-кралот да отпатува во Шпанија, со намера својот план лично да му го претстави на шпанскиот крал. Неговото барање не било прифатено и бил спречен да го реализира планираното патување во Шпанија.

И мисијата на пелагониско-прилепскиот митрополит Еремија во Шпанија, каде што претходно бил испратен од архиепископот Атанасиј, била оневозможена со интервенција од инквизицијата, по интриги од грчки свештеници.

Кон крајот на август 1598 година архиепископот Атанасиј I со својата придружба од Милано отпатувал за Прага со намера одново да бара помош и поддршка од хабсбуршкиот император Рудолф II. По пристигнувањето во Прага, бил примен од ректорот на тамошниот Карлов универзитет.[36] Ректорот Мартин Бахачек го препорачал кај високите власти, со молба да му се помогне „на архиепископот и на неговиот народ во борбата против Турците.“[37] Тој во своето писмо, со коешто се застапувал за архиепископот Гаврил, известувал дека архиепископот охридски претставил еден Мемоар, од 32 глави,[38] што тој лично го изработил и во којшто ја опишал положбата на македонскиот народ и на другите христијани од неговата архиепископија под ропство на исламската Отоманска Империја. Се застапил и за барањето на архиепископот неговиот Мемоар да се преведе и, отпечатен на шпански јазик, да му се

[36] Тоа било регистрирано во ректорската книга на Прашкиот универзитет. (Archiv University Karlovy v Praze, sig. 62, B-6 Oeconomica B 18; Akta University Prazké-kniga rektorska, 1598-1609, fol. 7,7 b 8).

[37] Ч. Аморт, Прогресивните традиции.., 78.

[38] И. Пастуховъ, Българска история, II, 479.

испрати на шпанскиот крал како и на други европски владетели, со молба „да ја помогнат борбата против Турците“,[39] со цел да се запознае со проектираниот план и средствата со коишто може да се реализира нивното ослободување со протерување на Турците-османлии од Европа.

Во Прага архиепископот Атанасиј бил примен од императорот Рудолф II. Притоа биле водени преговори за реализирање на планираниот противосманлиски потфат. Пратеникот на Венецијанската Република ја известил владата, на 1 декември 1598 година, за преговорите и за тоа дека „патријархот од императорот бара помош за востание на христијаните под негова јурисдикција“,[40] како и за тоа дека архиепископот Атанасиј на императорот Рудолф II му го предал Мемоарот и му ги дал потребните појаснувања.

Во Мемоарот бил изложен конкретен план на охридскиот архиепископ за кревање востание за отфрлање на османлиската власт. За тоа „патријархот барал 3 000 искусни војници, оружје и воена опрема..,“ а тој лично се обврзувал да поведе 40 000 луѓе.“[41] Архиепископот предлагал истовремена акција по пристигнувањето на војската (оружјето и воената опрема) од австрискиот император и востаниците од Епир, Албанија и Македонија и „да ја продолжи започнатата акција до Солун“,[42] а по целосно ослободување на Македонија, ако имало доволно сили и изгледи за успех, воените дејства да продолжат спрема Цариград, до целосно протерување на османлиите во Азија.[43]

Иако непосредно заинтересиран за еден таков потфат кој сигурно би ја подобрил позицијата на Монархијата во војната со Отоманската Империја, што континуирано траела од 1593 година и продолжувала без изгледи за брзо завршување, императорот Рудолф II не прифатил таков ангажман. Хабсбуршката Монархија, во услови на долготрајна исцрпувачка војна со Отоманската Империја на северот на Балканот, каде што биле нејзините витални интереси, објективно не била во состој-

---

[39] Ч. Аморт, Прогресивните традиции.., 78; М. Миноски, Политичките врски на Македонија со Чешка.., 49.

[40] М. Миноски, Ослободителните движења.., 148; Н. Милевъ, Охридския архиепископ.., 120-121.

[41] Н. Милевъ, На истото место, 121.

[42] На истото место; М. Миноски, Политичките врски.., 50.

[43] М. Миноски, на истото место, 50.

ба да финансира и да изведе еден таков голем потфат на југот од Балканот. Затоа австрискиот император архиепископот охридски го упатил на Шпанија, која воено не била ангажирана а имала доволно силна флота, војска и пари за реализирање на планираната акција во Македонија.

Архиепископот Атанасиј I од австрискиот император добил парична помош, како и потребните препораки за кралот на Шпанија.[44] Во март 1599 година, придружуван од митрополитот Еремија и неговиот внук Франциско Риза, отпатувал од Прага и се упатил во Италија со намера оттаму, со брод, да патува во Шпанија. Но, по пристигнувањето во Италија архиепископот Атанасиј, со својата придружба, одново бил задржан и спречен да отпатува во Шпанија, по интервенција од Венеција,[45] чиишто позиции во Јадранското и во Средоземното Море биле загрозувани од Хабсбуршката Монархија и од Шпанија. На Апенинскиот Полуостров Атанасиј се задржал до крајот на 1599 година. Изморен од долготрајните безуспешни патувања, во почетокот на 1600 година се вратил во Македонија, во Охрид.[46]

Во 1604 година архиепископот Атанасиј со политичка мисија пристигнал во Русија.[47] Сметал дека ќе успее да ја заинтересира православна Русија да го помогне ослободувањето на православните народи на Балканот од власта на Отоманската Империја. Во тоа време Русија, чиишто приоритетни интереси биле на нејзините западни граници, водела политика на непредизвикување на Отоманската Империја. Русија не покажала интерес за планот на охридскиот архиепископ, но му била дадена извесна материјална помош, по што Атанасиј се вратил од Русија. Набргу потоа презел патување во Македонија и во останатите земји на Балканот под власта на Отоманската Империја, за да се запознае со положбата и можностите за реализирање на својот план за едно сеопшто востание.[48]

Кон крајот на 1612 година архиепископот Атанасиј одново пропатувал низ Европа. Во Неапол, на дворецот на шпанскиот вице-крал, се

---

[44] На истото место.

[45] Архиепископот Атанасиј за време на престојот на дворецот на австрискиот император ја обвинил Венецијанската Република за сојузништво со османлиската држава.

[46] М. Миноски, Ослободителните движења.., 152.

[47] На истото место.

[48] На истото место, 153-155.

задржал неколку месеци, настојувајќи да ја придобие Шпанија за планираното востание против Отоманската Империја.[49] Шпанија била внимателна. Избегнувала да прифати разговори, во очекување да обезбеди што поверодостојни информации од Балканот. Нема веродостојни сознанија за текот на натамошните контакти. Познато е дека такви врски имало во 1613 и 1614 година. Во венецијанските дипломатски документи од тоа време се соопштува за престој во Неапол на охридскиот патријарх, на „Јустинијана Прима“,[50] кој водел преговори и добил парична помош од вице-кралот, по што архиепископот се вратил во Македонија.

Ново патување на Запад, со политичка цел, архиепископот Атанасиј презел во 1615 година, кога престојувал во Неапол на Сицилија, на дворецот на тамошниот вице-крал. За време на преговорите Атанасиј го претставил својот подробно разработен план,[51] заснован на големата бројна надмоќ на христијаните за кревање оружено востание за ослободување од власта на Отоманската Империја, со воена и материјална помош од Шпанија. Шпанија во тоа време неоспорно била главниот соперник на Отоманската империја за превласт во Средоземното Море, со амбиции да ги прошири своите владенија. Сепак, Македонија и целиот православен Балкан биле предалеку од подрачјето на нејзините приоритетни интереси. Затоа, и покрај покажаната заинтересираност, објективно не можело да се очекува директно воено ангажирање на Балканот. При постојната состојба во односите на европските држави, безуспешни биле напорите на охридските архиепископи за нивно придобивање за планираните ослободителни акции.

Врските со европските држави, со поголеми или помали временски прекини, условени од констелацијата во односите со Отоманската Империја, биле одржувани и во периодот потоа. Во последните децении на XVII век биле воспоставени непосредни полититички врски со Австрија. Хабсбуршката Монархија во 1683 година влегла во сојузничката војна против Отоманската Империја,[52] со амбициозен план што повеќе да ги

---

[49] Ј. Томић, Састанак и договор српских главара.., 10.

[50] “Patriaca d Ocrida”, d’ “Ocrida de la Justiniana Prima.” (Stjepan Antoljak, “sultan” Jahja.., 119, бел. 77).

[51] Monuments historiques des Slaves meredionaux et des leurs voisins. Tires des archives et des bibliothéques d’ Italie par le Dr. Vincent Macoushev, II- Génes, Mantoue, Milan, Palerme, Turin, -Belgrade, 1882, 311-312.

[52] Војната на „Светата лига“ (1683-1699).

прошири своите владенија на Балканот. Во нејзин интерес било да ги придобие поробените христијански народи во Отоманската Империја на своја страна, тие да се борат за своето ослободување. Со тоа не само што би се дезорганизирала османлиската одбрана туку би си го обезбедила и снабдувањето на својата војска, од што зависел успехот на пробивот во длабочината на Отоманската Империја.

Започнувањето на војната на сојузените европски држави против Отоманската Империја било искористено за кревање на оружено востание, предводено од Карпош во 1689 година. Во времето кога австриската војска под командата на Пиколомини навлегла во јужна Србија, на Косово, во северниот дел од Македонија веќе била создадена слободна востаничка територија со востаничка власт. Македонското востаничко раководство воспоставило непосредни врски и соработка со австриската воена команда. Во содејство со македонските востаници австриската војска влегла во Скопје, а биле преземани повремени напади и во внатрешноста на Македонија, до линијата Велес-Штип. Турските извори од тоа време пишуваат за „тесен сојуз" на македонските востаници со австриската војска.[53]

Карпош самостојно владеел со ослободената територија[54] во северниот дел од Македонија; Скопско, Кумановско, Кратовско и Паланечко. На негово лично барање австрискиот император Леополд I му го доделил владетелското достоинство крал,[55] чиешто обележје била кралската капа.[56] Според истите извори Карпош добил и кралска диплома.[57]

И по повлекувањето на австриската војска кон Ниш и поразот и задушувањето на Карпошевото востание, врските со Австрија биле одржувани во очекување противакција и нов пробив на австриската војска кон Македонија. Во тоа време во Виена такви планови имало и интензивно се работело на нивната операционализација.[58]

---

[53] Александар Матковски, Дилеми и нерешени прашања за Карпошевото востание, зб. Австро-турската војна.., 57.

[54] Душанка Бојаниќ, Нови видувања за Карпошевото востание, зб. Австро-турската војна 1683-1699 год., Скопје, 1997, 45, 49.

[55] Александар Матковски, Отпорот во Македонија, Скопје, 1983, 4, 484-485.

[56] Односно „калпак" (на истото место, 44-46); Стјепан Антолјак, Придонес кон критичкото изучување на изворите и литературата за Карпошевото востание, Австро-турската војна.., 126-128.

[57] С. Антолјак, На истото место, 126.

[58] На истото место, 129.

Во февруари 1690 година македонски претставници воделе преговори, во името на македонскиот народ, Македонија да се стави под императорска заштита.[59] Во март македонските делегати: „Марко Краида, роден во Кожани, и Димитриј Георги Поповиќ, роден во македонски Солун,“[60] кои дејствувале како „претставници и бранители на македонскиот народ,“[61] со такви барања за покровителство на Македонија од Австрија им се претставиле на австриските генерали Ветерани во Ниш и Штаремберг во Белград. Притоа поставувале и посебни услови: самоуправа, плаќање даноци како и на Отоманската Империја, слобода на православните верски обреди, како и гаранции дека војската ќе ги зачува дадените права и слободи. Тие, од своја страна, се обврзувале дека Македонците ќе ѝ се присоединат на австриската војска и ќе ѝ обезбедат храна.[62] На 26 април императорот Леополд издал заштитно писмо за македонскиот народ со коешто ги известил австриските воени заповедници дека „го прима под императорска и кралска милост во секој поглед гореспомнатиот македонски народ“ и им наредил „да не му причинуваат непријатности, туку, според силите, секојпат и во секоја околност, да го заштитуваат, да го бранат и да му помагаат.“[63] Во мај истите македонски пратеници повторно се јавиле кај Ветерани за да побараат парична помош и инструкции.[64] Во тоа време австриските војски стационирани кај Ниш очекувале воени засилувања и започнување противнапад. Во средината на август Ветерани ја добил наредбата од воениот совет за почеток на новиот поход на југ.[65] Но, кога Франција на Луј XIV започнала војна на границата на Рајна, Хабзбуршката Монархија ги прегрупирала

---

[59] Ленке Чикхеи, Воените акции на Балканот од крајот на август 1689 до летото 1690 година, Австро-турската војна.., 92.

[60] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, I, Скопје, 1981, 158-159.

[61] С. Антолјак, Придонес кон критичкото проучување., 129.

[62] На истото место, 92-93.

[63] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 158-159; Бранко Панов, Ставот на австрискиот двор спрема Македонија и македонскиот народ непосредно по ликвидирањето на Карпошевото востание, Австро-турската војна.., 172.

[64] Л. Чикхеи, Воените акции на Балканот.., 93.

[65] На истото место, 94.

воените сили и веќе не била способна за офанзивни дејства на Балканот и сите тие планови пропаднале.

Војната на Австрија (и Русија) против Отоманската Империја, во 1736 година, одново поттикнала надеж за ослободување. Австриските политички и воени кругови и самите сметале на кревање востание на поробените балкански народи. На нивното придобивање работеле католичките свештеници, меѓу кои и католичкиот надбискуп во Скопје Михајло Сума. Тоа се совпаднало со конспиративната политичка активност на охридскиот архиепископ Јоасаф, со свештенството, за подготвување на народот за ослободително востание.[66]

Со Австрија тајно биле воспоставени политичките врски, преку доверливи луѓе, на почетокот од војната.[67] Во очекување пробив на австриската војска кон југот на Балканот спрема Македонија, во пролетта 1737 година, охридскиот архиепископ Јоасаф со посредство на скопскиот надбискуп Сума, стапил во тајни преговори со Австрија.[68] Архиепископот Јоасаф прифаќал заштита од Австрија за македонскиот народ и останатото подведомствено православно население на Охридската архиепископија, се обврзувал народот да го крене на востание и да обезбеди исхрана за австриската војска по влегувањето во Македонија. Од австрискиот император Карло VI барал заштита, слобода на вероисповедта и посебен статус за Македонија и другите земји под црковна власт на Охридската архиепископија[69] (пред 1557 година[70]) по нејзиното успешно завршување. Посебните барања биле, како што следува:

1. Слобода на православната вероисповед, Православната црква – Охридската архиепископија,

---

[66] Михајло Миноски, Преговорите на охридскиот архиепископ Јоасаф со Австрија, Весник, Службен лист на Македонската православнна црква, Скопје, 1973/XV, 4-5, 166-168.

[67] И. Достян, Борба сербского народа против турецкого ика 15-начале 19 в., Москва, 1958, 105.

[68] Мита Костић, Устанак Срба и Арбанаса у Старој Србији против Турака 1737-1739 и сеоба у Угарску, Скопље, 1930, 209. Во исто време тајни преговори со Австрија водеше и српскиот пеќски патријарх Јован IV Шалкабенда.

[69] М. Миноски Преговорите на охридскиот архиепископ Јоасаф.., 168.

[70] Кога под јурисдикција на Охридската архиепископија се наоѓале најголемиот дел од православните земји на Балканот. По одделувањето на српските епархии и обновувањето на Пеќската патријаршија започна и соперништвото меѓу двете автокефални цркви, македонската и српската. Архиепископот Јоасаф во контактите со Австрија настапуваше од позиција на супремација на Охридската архиепископија.

2. Право на духовна и световна власт, со посебно заштитно писмо на императорот Карло VI за потврдување на некогашната Јустинијанова повелба[71] за Охридската архиепископија,
3. Место и глас во виенскиот Рајхстаг,[72]
4. Повластени царини.[73]

Како крајно решение охрискиот архиепископ Јоасаф барал по ослободувањето од православните балкански земји да се создаде единствена балканска држава со единствена православна црква – Охридската архиепископија, која требало да претставува Пиемонт на балканското обединување, под заштита на австрискиот император.[74] Извесно е дека охридскиот архиепископ пред Хабсбуршката Монархија истапил со амбициозна државотворна програма. Притоа тој лично пројавил и државнички амбиции. Независно од тоа колку тие и такви барања на архиепископот Јоасаф биле сообразени со реалните услови и можности, воспоставувањето непосредни политички врски со моќната Хабсбуршка Монархија претставувало континуитет во настојувањата на македонските претставници да го анимираат интересот на европските држави за положбата на македонскиот народ и неговиот стремеж за ослободување. Тоа било и во нивни интерес, со оглед на важноста на стратегиската позиција на Македонија во регионот за реализација на плановите за потиснување на Отоманската Империја од Европа. И другите европски држави во овој период, некои порано а некои подоцна, пројавиле заинтересираност за Македонија, раководени од сопствените политички и економски интереси. На нивно ефектуирање можело да се смета само при непосредно присуство во земјата. Затоа пристапиле кон отворање дипломатски претставништва во Македонија.

Франција прва отворила свој конзулат во Солун во 1688 година. Следеле: Англија во 1722 година, Холандија и Венецијанската Републи-

---

[71] И. Достян, Борба сербского народа.., 105; М. Костић, Устанак Срба.., 209. Самиот архиепископ Јоасаф, како и повеќе други охридски архиепископи пред него, се титулираше со: „Јоасаф, со Божја милост архиепископ на Јустинијана Прима.“

[72] На истото место, 112.

[73] На истото место, 105; М. Миноски, Преговорите на охридскиот архиепископ Јоасаф.., 168-169.

[74] Според Достјан се барало создавање „автономна балканска држава“ под протекторат на Хабсбуршката Империја.“ ( На истото место, 106.)

ка во 1743 година, Германија, Шведска, Данска до 1778 и Русија во 1796 година.[75]

Врз основа на сето претходно кажано може да се констатира дека практиката за одржување непосредни политички врски со европските држави што ја воспоставил охридскиот архиепископ Гаврил, ја продолжиле архиепископите: Нектариј, Атанасиј I, Харитон, водачот на македонското востание од 1689 година Карпош, а потоа архиепископот Јоасаф. Таа практика била одржувана, со поголеми или помали застои, низ целиот период од крајот на XVI до крајот на XVIII век.

---

[75] Данчо Зографски, Развиток на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Скопје, 1967, 33; Д-р Ристо Поплазаров, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850-1878, Скопје, 1978, 14.

**SUMMARY**

Mihajlo MINOSKI

**MACEDONIAN CONNECTION WITH THE EUROPEAN STATES REGARDING THEIR SUPPORT FOR THE MACEDONIAN LIBERATION PLANS, XV-XVIII CENTURY**

In the last decades of the XVIth century Ottoman State has been seriously bound up in an internal crises. As a consequence of that the situation of the Macedonian and other Balkan countries under the rule by the Ottoman State was aggravated.

The liberation aspirations in the Macedonia were stimulated by the defeat of the Ottoman army in the wars against the European states, and by the European plan for the establishment of an offensive alliance of the European states with the purpose of suppression of the Ottoman state from the Balkan.

The archbishops from Ohrid were the leading persons that traveled into Europe countries building relations for the conciliation of the European state for the idea for the liberation of Macedonia, such as: the Habsbourgh Monarchy, Venice, Spain, Poland, Russia. The most engaged among them were archbishops: Gavril, Atanasij I and Joasaf. During the famous uprising of the Macedonian people against Ottoman state, the most important event was that one related with the mutual action of the Macedonian rebellions and the Austrian army that penetrated into the north of Macedonia in 1689. As well important were also the activities of the Macedonian representatives directly after the suppression of the so-called Karpoš uprising.

European states were interested in the events of the above mention period, but they did not show any will or intention to be directly engaged in the liberation aspirations of the Macedonian people.